ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-744/4
Датум: 02.04.2024
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ ЗГРАДИ ОД ДРУГИ ПРЕРАБОТУВАЧКИ ИНДУСТРИИ СО ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКИ ПРОЦЕСИ – ФАБРИЧКИ КОМПЛЕКСИ НА КП 674/1, КП 675/1, КП 681, КП 682 И КП 683/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.**

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во границата на опфат влегуваат повеќе катастарски парцели лоцирани во КО Бардовци, Општина Карпош односно КП 674/1, КП 675/1, КП 681, КП 682 и КП 683/1, КО Бардовци, Општина Карпош и во тие граници проектниот опфат зафаќа површина од околу 1.44 ха.

Границата на вака предвидениот проектен опфат ја формираат ободните страни на катастарските парцели К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1. Проектниот опфат на вака предложениот У.П. има има површина од 14.404м2 или приближно околу 1.44ха. До проектниот опфат на предложениот У.П. се пристапува преку некатегоризиран пристапен пат.

Со предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (во понатамошниот текст У.П.), треба да овозможи и да го уреди начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите. за катастарските парцели К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош, се изработува согласно Условите за планирање, со технички број Y23023 од Мај, 2023годг., Решението за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 1099/2023 од 25.05.2023год. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), како

тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект. У.П. се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за градби од група на класи на намени Г-Производство, рударство, енергетика и индустрија и класи на намени Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Согласно новата номенклатура поединечна намена на земјиштето и градбите ќе биде Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси. Конкретната намена на идните градби ќе биде (199) Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 674/1, КП 675/1, КП 681, КП 682 и КП 683/1, КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 08.04.2024 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски